

| | |
|---|---|
| (име и презиме) | д–р Трајан Гоцевски |
| (наставно звање) | Редовен професор |
| (институт) | Педагогија |
| (лични податоци и образование) | Трајан Гоцевски е роден на 20 Јануари 1950 година во Делчево. Во 1973 година дипломирал на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, каде што и ги завршил постдипломските студии (1982) од областа на Стопанскиот развој и методите на економските анализи. Во 1987 година докторирал на тема *„Меѓузависноста и влијанието на подготовките за одбрана и стопанскиот развој”*. Во академската 1987/88 година бил избран за доцент на Филозофскиот факултет во Скопје по предметите: Политичкиот и економскиот систем и одбраната на Македонија и Економика на одбраната. Во периодот од 1991 до 2009 година ја вршел функцијата на декан на Филозофскиот факултет во Скопје. Во 1995 година бил избран во звање редовен професор на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. На 10.12.2009 |

| | |
|---|---|
| | година се стекнал со академската титула почесен доктор на науки на Софискот Универзитет „Св.Климент Охридски". |
| (други професионални податоци) | Проф. Гоцевски е личност со забележителен општествен и стручен ангажман. Бил член на првата Влада на независна Македонија и прв цивилен министер за одбрана. Во период од 1998 до 2002 година бил член на Советот за национална безбедност на Република Македонија и претседател на Одборот за доделување на наградата „11 Октомври". Бил претседател на Меѓународната научно - културна манифестација „Гоцеви денови", бил избран за заменик-директор на бордот на МБИ на Универзитетот во Кембриџ, член на Советот на центарот за стратегиски истражувања при МАНУ, член на советот на Лондонската дипломска академија. Под негово раководство била формирана Армијата на Р. Македонија (1992), како и првиот оддел за обука и образование во АРМ. Учествувал во креирањето на моделот на военото образование и изработката на Законот за формирање на Воената академија. Како член, а потоа и Претседател на Матичната Комисија за формирање на Воената академија, придонел за креирањето и усвојувањето на Првата наставна програма на Воената академија. Учевствувал во редакцискиот одбор на меѓународното списание „Меѓународна политика" што го издавал Универзитетот во Загреб. Бил главен и одговорен уредник на теоретското списание „Современа македонска одбрана".<br><br>Бил раководител на постипломските студии на Институтот за одбранбени и мировни студии, професор по предметот Системот на одбраната на РМ со теорија на заштитата. Исто така, тој е професор по предметот Разрешување и трансформација на конфликтите на Студиите по мир и развој, професор по предметот Европската безбедност на Европските студии за интеграции и комуникации.<br><br>Се залагал за развојот на образованието, науката и културата на Р. Македонија. Дал значаен придонес во профилирањето и создавањето на научни и други кадри на Филозофскиот факултет во Скопје. Бил раководител и учесник во истражувачки тимови во повеќе домашни и странски научно-истражувачки проекти. |

Во рамките на соработката на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Филозофскиот факултет, професорот Гоцевски повеќе децении развивал соработка со универзитетите во Полска, Шведска, Холандија, Германија, Италија, Грција и др. Бил на студиски престој на повеќе универзитети во Европа, меѓу кои и на универзитетите во : Париз, Виена, Клагенфурт, Софија, Истанбул, Загреб, Белград, Ниш, Рим, Амстердам, Солун, Благоевград.

Автор е на повеќе од 80 книги, и над 280 стручни и научни труда, монографии и статии, објавени во македонски и многубројни странски списанија на македонски, англиски, бугарски и француски јазик.

(други податоци од интерес)

Проф. Гоцевски е добитник на поголем број домашни и меѓународни награди и признанија.

- Во 2004 година, проф. Гоцевски е добитник на највисоката државна награда „Гоце Делчев“ за посебни достигнувања во науката на Република Македонија;
- Добитник е на Големиот знак со сина лента на Софискиот универзитет;
- За особен придонес за развојот на Филозофскиот факултет и за афирмацијата на УКИМ добитник е на Плакета на УКИМ;
- Плакета за 90 години работа и развој на Филозофскиот факултет;
- Плакета за посебен придонес за мирната разврска на Југословенската криза и создавањето на АРМ по повод 20 годишнината од формирањето на АРМ;
- Голема плакета на АРМ по повод 25 годишнината од формирањето на АРМ;
- Благодарница за особен придонес за формирањето и развојот на Институтот за Дефектологија;
- Благодарница за придонес за развојот и достоинството на МПЦ.

(Селектирана библиографија)

- 2000 години христијанство – 2000 години учење за мир, Куманово, 2002 (коавтор). С. Мл.
- Кризен менаџмент, Куманово, 2001 (коавтор, второ издание 2002);

- Одбранбено осамостојување на Македонија – чекор кон суверена држава, Куманово, 2000;

- Разрешување и трансформација на конфликти, Куманово, 1999 (коавтор);

- Образовен менаџмент, Куманово, 1997;
- Современи тенденции на одбраната, Куманово, 1997;

- Основи на одбранбено-заштитниот систем на Република Македонија, Кочани, 1995;

- Неутрална Македонија, Куманово, 1995 (второ издание Скопје, 1995);

- Политичкиот и економскиот систем и одбраната на Република Македонија, Скопје, 1994 (преработено издание 1995 и 2001);

- Колективната безбедност и одбраната на Македонија, Куманово, 1993 (второ изменето и дополнето издание 1994);

- Економика на образованието, Битола, 1992 (второ изменето и дополнето издание Куманово, 1996);

- Економика на одбраната, Скопје, 1992 (второ издание 1996);

- Одбраната на Македонија, Скопје, 1991 (второ издание, 1992);

- Политичкиот и економскиот систем на ПЗТ, Скопје, 1989;

- Планирањето на семејството, Скопје, 1988 (коавтор);

- Развојот на малото стопанство, Скопје, 1983.